# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.05/26 од 30.03.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба* *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА

**1.** Заклучок за објавување на Решението за давање согласност на Годишна сметка за 2025 година на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман**....... 3**

**2.** Решение за давање согласност на Годишна сметка за 2025 година на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман**....... 4**

**3.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ФК РОСОМАН 83**....... 5**

**4.** Одлука за одобрување на финансиски средства на ФК РОСОМАН 83**....... 6**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање согласност на Годишна сметка за 2025 година на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман, донесено на 9-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.03.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-332/1.1**
**31.03.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 9-та (вонредна) седница одржана на ден 30.03.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Годишна сметка за 2025 година на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман**

1. Со ова Решение се дава согласност на Годишната сметка за 2025 година на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман со арх.бр.05-71/1 од ден 26.02.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-332/1.1**
**30.03.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на ФК РОСОМАН 83, донесена на 9-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 30.03.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-332/1.2**
**31.03.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата на Општина Росоман за 2026та година од областа на спортот и рекреацијата, Советот на Општина Росоман на 9-та (вонредна) седница одржана на ден 30.03.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства на ФК РОСОМАН 83

### Член 1

Со оваа Одлука делумно се уважува Барањето за финансиски средства со арх.бр.08-170/1 од 13.02.2026 година и се одобруваат финансиски средства во висина од 560.000,00 денари на ФК РОСОМАН 83, потребни за редовно подмирување на обврските поврзани со натпреварувањето, организацијата и тековното работење на клубот.

### Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-332/1.2**
**30.03.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**